ООУ„Манчу Матак” - Кривогаштани

Процедура за градење на инклузивноста

Содржина:

- Реализација на образовна инклузија
- Идентификување на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост
- Поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост

1. Реализација на образовна инклузија

- Инклузивното образовние се темели на пристапот заснован на човековите права дефиниран со Концепцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации со Концепцијата за правата на детето на Обединетите нации.
- Според насоките дадедни од страна на концепцијата за инклузивно образование за вклучување, разој и образование на учениците со ПОП во оваа категорија на ученици се вклучуваат: ученици со попреченост кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, ученици со нарушување во однесувањето и емоционални проблеми, ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици од социо – економски, културни или јазично депривирани средини, ученици со странско државјанство, ученици без државјанство, деца бегалци, барателиа на азил, деца со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита, деца под привремена заштита кои престојуваат во нашата држава, деца кои не биле вклучени во настава а се со надминатата возраст и деца од други ранливи категории кои од различни причини бараат посебна поддршка и грижа во текот на воспитно-образовниот процес.

Инклузивното образование во училиштето се реализира преку:

- Училишен инклузивен тим се формира од страна на директорот. Овој тим има мандат во трање од три учебни години и е составен од: педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава), двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето.

- Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, работи според своја програма.
- Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.
- Инклузивен тим на ученик се формира од страна на директорот по потреба, доколку во училиштето има ученик со МКФ проценка.
- Инклузивниот тим на ученик е формиран за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор. Во работата на инклузивниот тим за ученикот, по потреба, може да се повикаат да учествуваат и ученикот, други наставници и стручни соработници или кое било друго лице од доверба на ученикот.
- Инклузивниот тим за ученикот во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови.
- Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби и доколку тоа е предвидено во проценката од МКФ, во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето и ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца.
- При изработката на ИОП и модифицирана наставна програма, инклузивниот тим за ученикот соработува со останатите наставници и стручни соработници вклучени во образовниот процес на ученикот.
-
- Учениците добиваат три нивоа на поддршка и тоа:

  Општа поддршка каде што учењето се насочува на индивидуализација и диференцијација на наставниот процес со примена на соодветни наставни методи и средства.

  Интензивирана поддршка каде што општата поддршка не дава очекувани резултати и се обезбедува врз основа на ИОП.

  Посебна поддршка кога интензивираната поддршка не ги задоволува потрербите на ученикот, таа е слична на интензивираната но е со поголем интензитет и се обезбедува врз основа на модифицирана наставна програма.
- Училиштето има потпишано договор за соработка со ресурсен центар од каде што добива подддршка за учениците и нивните родители/старатели, поддршка на воспитно-образовниот кадар и поддршка на поширокатa општествена заедница.

2. Идентификување на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост

- Идентификувањето на учениците започнува при самиот упис во прво одделение.
- Уписот го спроведува комисија за упис формирана од страна на директорот на училиштето. Комисијата преку различни методи и техники ги утврдува предзнаењата на учениците. Доколку има отстапки при уписот на учениците, комисијата е должна да изврши детален разговор со родителите/старателите на ученикот и да ги упати до соодветните институции.

- Комисијата е должна да ги информира наставниците за отстапките кои ги забележала при уписот на учениците и за разговорот со родителите.
- Родителите се должни да достават проценка на фукционалност за ученик кој има попреченост при упис на истиот во училиштето.
- Во текот на школувањето стручните соработници се должни да го следат напредокот и однесувањето на учениците.
- Секој наставник води евиденција за напредокот на учениците и ги следи во секојдневните постинувања, доколку некој ученик отстапува наставникот тоа го пријавува на одделенските совети, а стручните соработници започнуваат со набљудување на ученикот.
- Откако ќе се заврши со опсервација стручните соработници заедно со одделенскиот или предметниот наставник ги повикуваат на разговор родителите/ старателите на ученикот.
- Родителите се запознаваат со целосниот процес на опсервација и начинот на кој што може да му се даде поддшка и помош на ученикот. При разговорот со родителте истите се упатуваат во соодветни институции и специјалисти доколку има потреба од дополнителни информации и податоци заради соодветно работење со ученикот во училиштето.
- На барање на родителот стручните соработници имаат обврска да работат индивидуално со ученик иако за истиот нема проценка според МКФ. За ова родителот доставува писмено барање. (образец).
- При идентификувана потешкотија кај ученикот од страна на наставниците и/или стручните соработници за истите ученици се прави проценка, се разговара со родител и им се дава насоки на наставниците за индивидуализиран и диференциран пристап. Специјалниот едукатор и рехабилитатор со овие ученици работи само по писмено барање од родителот.
- Идентификувањето на надарени и талентирани ученици е од страна на наставниците и/или стручните соработници. Овие ученици се вклучуваат во голем број воннаставни активности, а посебно во натпреварите на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Со овие ученици се работи на додатната настава и имаат целосна поддршка од страна на училиштето.

3. Поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост

- Процесот на поддршка на учениците започнува со упис во прво одделение. Секој наставник и стручен соработник дава сооддветна помош и поддршка во рамките на можностите, потребите, способностите и индивидуалните интереси на учениците.
- Поддршката на учениците е преку индивидуална работа, дополнителна и додатна настава, советување и менторство.
- Наставниот кадар и стручните соработници вршат редовно следење на напредокот на учениците, водат евиденција на реализираните активности, прават ревидирање на ИОП по потреба и водат извештаи од инклузивен тим.
- Распределбата на учениците во паралелки ја прави комисија формирана од страна на директорот, таа комисија има задача да ги дели учениците во паралелки според претходните постигнувања со тоа што треба внимава на еднаква поделба.
- Во училиштето се прифаќаат образовни асистенти доделени на ученици со попречености од страна на ресурсниот центар и истите добиваат целосна

подддршка во воспитно-образовниот процес од страна на наставниот кадар и стручните соработници во училиштето, а посебно од специјалниот едукатор и рехабилитатор.

- Учениците добиваат континуирана поддрша за подобрување на постигањата од страна на стручните соработници преку индивидални советодавни разговори и планови за поддршка со цел да се подобри однесувањето и успехот на истите.
- Оценувањето на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма се одвива преку избор на специфични методи, инструменти и постапки. Оценувањето на секој ученик посебно се приспособува врз основа на неговите когнитивни способности, можности и начинот на изразување.

Тим за изработка на Процедура за инклузија:

1. Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор и координатор
2. Елена Кадинска – наставник
3. Јане Петкоски – наставник
4. Христина Каравилоска – наставник

В.д. директор:

_____

Лилјана Стојкоска

Кривогаштани, април, 2026 година.